Funded by the European Union

ЕУ за Преспа – Обнова на природните ресурси и унапредување на одржливото земјоделство и туризам



Duration: 11.12.2023 - 10.06.2027

Countries:
North Macedonia

EU contribution: € 2 780 000

Total budget: € 2 780 000

Implementer:
United Nations Development Programme (UNDP)

Project description:

Проектот „ЕУ за Преспа – Обнова на природните ресурси и унапредување на одржливото земјоделство и туризам“ има за цел да го поддржи одржливиот развој на регионот Преспа преку подобро управување со природните ресурси, еколошко земјоделство и одржлив туризам. Спроведуван од УНДП во рамките на поширокатa акција „ЕУ за Преспа“, проектот промовира позелени насоки за економски развој, истовремено адресирајќи ја деградацијата на животната средина и притисоците што влијаат врз екосистемот на Преспанското Езеро.

Акцијата се фокусира на зајакнување на капацитетите на локалните институции, земјоделците, граѓанските организации, бизнисите и граѓаните за усвојување одржливи практики што придонесуваат кон заштита на животната средина и економска отпорност. Активностите се насочени кон намалување на загадувањето на водата и почвата, зачувување на биодиверзитетот, контрола на инвазивните видови, одржливо наводнување и примена на одржливи земјоделски методи, како и поддршка на органско и еколошки одговорно земјоделско производство.

Истовремено, проектот промовира одржлив развој на туризмот преку инвестиции во туристичка инфраструктура, диверзификација на еко-туристичките производи и поддршка на локалните туристички оператори и заедници. Проектот, исто така, придонесува кон зајакнување на прекуграничната соработка меѓу државите околу Преспанското Езеро преку координирано управување со животната средина и спроведување на Стратешкиот акциски план за Паркот „Преспа“.

Expected results:

Со комбинирање заштита на животната средина, одржливо земјоделство и развој на туризмот, проектот се стреми кон подобрување на квалитетот на живот, зајакнување на локалните економии и обезбедување долгорочна заштита на уникатниот екосистем на Преспа.

• Подобрена е еколошката состојба на подрачјето на Преспанското Езеро преку систематски мониторинг на животната средина, мерки за заштита на биодиверзитетот и контрола на инвазивните странски видови риби.
• Намалено е загадувањето од земјоделството што влијае врз водните и почвените ресурси преку примена на одржливи земјоделски практики и подобрено управување со природните ресурси.
• Земјоделците и локалните чинители усвојуваат еколошки одговорни земјоделски методи, вклучувајќи органско производство, оптимизирано наводнување, заштита на почвата и диверзификација на земјоделските култури.
• Развиени се одржлива туристичка инфраструктура и еко-туристички производи, создавајќи нови економски можности и поддршка за локалните заедници во регионот на Преспа.
• Зајакнати се капацитетите на локалните институции, граѓанските организации, туристичките оператори и земјоделците преку обуки, техничка поддршка и финансиска помош за иницијативи за одржлив развој.
• Прекуграничната соработка помеѓу државите кои излегуваат на Преспанското Езеро е зајакната преку координирано планирање, споделување податоци и спроведување на Стратешкиот акциски план за одржлив развој на Паркот „Преспа“.